РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3185/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог закон за финансиска подршка на социјално ранливи категори на граѓани за справување со ценовната криза, по скратена постапка.

**Пратеници:**

Предлагачи : Група пратеници

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЦЕНОВНАТА КРИЗА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, мај 2026 година

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во услови на енергетска и економска криза, раст на цените на основните прехранбени производи и намалување на куповната моќ на граѓаните неопходно е да се преземат соодветни, таргетирани мерки како би се заштитил животниот стандард на граѓаните, особено на оние без приходи или со ниски приходи.

Постојните системски решенија од областа на социјалната заштита, пензиското и инвалидското осигурување и заштитата на потрошувачите не се доволни за целосно надминување на тековните економски последици, поради што е потребно донесување на посебен закон со кој привремено и интервентно ќе се уреди финансиска поддршка за ранливите категории на граѓани.

Од тие причини се предлагаат решенија за финансиска поддршка на ранливи категории на граѓани, оние кои најмногу ги чувствуваат последиците од зголемувањето на цените на прехранбените производи.

Решенијата за финансиската поддршка за ранливи категории на граѓани, се обезбедуваат за лица:

- корисници на право на социјална сигурност на стари лица;
- корисници на посебен додаток;
- корисници на правото на надоместок заради попреченост;
- корисници на гарантирана минимална помош;
- корисници на право на пензија во висина до 25.000 денари;
- домаќинства со ниски приходи во зависност од нивната големина, односно со еден, два, три, четири, пет или повеќе членови и живеат на иста адреса; и
- жртви на семејно насилство евидентирани во Центрите за социјална работа.

Од горенаведените причини се предлага законот за финансиска поддршка на ранливи категории на граѓани погодени од актуелната криза.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Цел на Предлог законот е обезбедување на финансиска поддршка на најранливите категории на граѓани во услови на криза и постојано зголемување на цените на основните прехранбени производи, со цел полесно справување со ценовните шокови и последиците кои кризата ги носи.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 2.257.599.000 денари.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиската поддршка ќе се исплатува со средства од Буџетот на Република Северна Македонија, и тоа: од буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади, од буџетот на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија и буџетот на Министерството за економија и труд.

Законот чие донесување се предлага повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување во висина од 586.692.000 денари од Министерството за социјална политика, демографија и млади, 1.284.807.000 денари од Фондот на Пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и 386.100.000 денари од Министерството за економија и труд.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлог закон за финансиска подршка на социјално ранливи категори на граѓани за справување со ценовната криза, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ЦЕНОВНАТА КРИЗА

Член 1

Со овој закон се уредуваат корисниците, висината,начинот за обезбедување и исплатата на финансиската поддршка на социјално ранливите категории на граѓани заради справување со ценовната криза.

Член 2

Корисници на финансиска поддршка која се обезбедува согласно одредбите од овој закон се лица од социјално ранилива категорија на граѓани и тоа:

1. корисници на право на социјална сигурност на стари лица;
2. корисници на посебен додаток;
3. корисници на правото на надоместок заради попреченост;
4.евидентирани корисници на гарантирана минимална помош;
5. корисници на право на пензија во висина до 25.000 денари;
6. домаќинства во зависност од нивната големина кои освен приход по основ на плата,немаат други приходи и живеат на иста адреса, и тоа:
   1. домаќинства со пет или повеќе членови со нето приход од плата до 68.000 денари
   2. домаќинства со четири членови со нето приход од плата до 62.000 денари
   3. домаќинства со три члена со нето приход од плата до 55.000 денари
   4. домаќинства со два члена со нето приход од плата до 45.000 денари
   5. домаќинство со еден член со нето приход од плата до 30.000 денари;
   6.жртви на семејно насилство евидентирани во Центрите за социјална работа

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) „Корисници на право на социјална сигурност на стари лица“ се лица со навршени 65 годишна возраст, кои согласно со Законот за социјална сигурност на старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 104/19), користат право на социјална сигурност и се евидентирани во центрите за социјална работа.
2) „Корисници на посебен додаток“ се родителите, старателите или лице на кое со решение на надлежниот центар за социјална работа му е доверено детето и живее во семејството со него, истото е со попреченост до 26 годишна возраст согласно Законот за заштита на децата (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22).
3) „Корисници на правото на надоместок заради попреченост“ се лица со навршена 26 годишна возраст, а најмногу до 65 годишна возраст, со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице.
4) „Корисници на гарантирана минимална помош“ се корисници на гарантирана минимална помош евидентирани во центрите за социјална работа.

5) „Корисници на пензија“ се државјани на Република Северна Македонија кои се стекнале со право на пензија или на сразмерен дел на пензија во Република Северна Македонија и живеат во Република Северна Македонија, кои заклучно со месецот на влегувањето во сила на овој закон оствариле доход по основ на пензија во висина не поголема од 25.000 денари месечно, согласно податоците од евиденцијата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија. 6) “Домаќинства во зависност од нивната големина“ се домаќинства со еден, два, три, четири или пет и повеќе членови кои се со ниски приходи, односно остваруваат приход во домаќинството исклучиво од плата и немаат други приходи во домаќинството и живеат на иста адреса.
„Жртви на семејно насилство“ се лица евидентирани во центрите за социјална работа или сместени во засолништа, согласно закон.

Член 4

(1) Финансиската поддршка за корисниците на финансиската поддршка од член 2 став (1) алинеите 1, 2, 3 и 4 од овој закон изнесува 3.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(2) Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 5 од овој закон, кои оствариле доход по основ на пензија во висина не поголема од 20.000 денари месечно, изнесува 3000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка за корисниците кои оствариле доход по основ на пензија во висина од 20.001 денари и не поголема од 22.000 денари месечно, изнесува 2.500 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка за корисниците кои оствариле доход по основ на пензија во висина од 22.001 денари и не поголема од 25.000 денари месечно, изнесува 2.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон
(3) Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точка 1 од овој закон, кои оствариле нето приход по основ на плата во висина не поголема од 68.000 денари месечно, изнесува 3500 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точка 2 од овој закон, кои оствариле нето приход по основ на плата во висина не поголема од 62.000 денари месечно, изнесува 3.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точка 3 од овој закон, кои оствариле нето приход по основ на плата во висина не поголема од 55.000 денари месечно, изнесува 2.500 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точка 4 од овој закон, кои оствариле нето приход по основ на плата во висина не поголема од 45.000 денари месечно, изнесува 2.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон. Финансиската поддршка корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точка 5 од овој

закон, кои оствариле нето приход по основ на плата во висина не поголема од 30.000 денари месечно, изнесува 2.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(4) Финансиската поддршка за корисниците од член 2 став (1) алинеја 7 од овој закон изнесува 3.000 денари месечно, за период од три месеци, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 5

(1) Средствата за финансиската поддршка во висина и во период утврден во член 4 од овој закон, се исплаќа како паричен износ на трансакциската сметка на корисникот на финансиската поддршка и тоа:
- за корисниците од член 2 став (1) алинеите 1, 2, 3 и 4 од овој закон од средствата на Министерството социјална политика, демографија и млади, согласно податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа;
- за корисниците од член 2 став (1) алинеја 5 од овој закон од средствата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, согласно податоците од евиденцијата на Фондот; - за корисниците од член 2 став (1) алинеја 6 точките 1,2,3,4 и 5 од овој закон од средствата на Министерството за економија и труд
- за корисниците од член 2 став (1) алинеја 7 од овој закон од средствата на Министерството социјална политика, демографија и млади, согласно податоците од евиденцијата на центрите за социјална работа.

(2) Исплатата на финансиската поддршка за корисниците од член 2 алинеите 1,2,3,4,5 и 7 од овој закон, ќе се врши без поднесување на барање од страна на корисниците, врз основа на списоци на корисници на финансиска поддршка, изготвен врз основа на податоците од евиденциите на институциите од став (1) на овој член.
(3) Исплатата на финансиската поддршка за корисниците од член 2 алинеја 6, точките 1,2,3,4 и 5 од овој закон, ќе се врши со поднесување на барање од страна на корисниците, во кое треба да приложат доказ за бројот на членови на домаќинството кои живеат на иста адреса.
(4) Барањата од став 3 на овој член се поднесуваат до Министерството за економија и труд, во архивата на министерството или по пошта.
(5) Формата и содржината на барањето од став 4 на овој член го пропишува Министерот за економија и труд.
(6) На веб страната на Министерството социјална политика, демографија и млади и Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија се објавуваат списоците, кои содржат ограничен обем на податоци на корисниците на финансиската поддршка од член 2 став (1) алинеи 1,2,3,4,5,и 7од овој закон, најдоцна до 5-ти во месецот и датумот кога ќе се врши исплата на финансиската поддршка.
(7) На веб страницата на Министерството за економија и труд се се објавуваат списоците на корисниците на финансиската поддршка од член 2 став (1) алинеја 6 точките 1,2,3,4,и 5 најдоцна до 20-ти во месецот и датумот кога ќе се врши исплата на финансиската поддршка.

(8)Списоците од ставовите (6) и (7) на овој член содржат ограничен обем на податоци за корисниците на финансиската поддршка, и се објавуваат за период не подолг од 48 часа, исклучиво заради информирање и транспарентност, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.
(9) Собирањето, обработката и чувањето на податоците доставени заради изготвување на списоците од ставовите (6) и (7) на овој член, се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Член 6

(1) Министерот за социјална политика, демографија и млади формира Комисија за одлучување по приговори за финансиска поддршка во состав од девет члена, од редот на вработените и тоа по три члена од Министерството за социјална политика, демографија и млади, два члена од центрите за социјална работа, два члена од Министерството за економија и труд, и два члена од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.
(2) Корисникот, кој не е на списокот од член 5 ставовите 6 и 7 од овој закон, а кој смета дека ги исполнува условите како корисник на правото од член 2 од овој закон, може да поднесе приговор до Комисијата за одлучување по приговори за финансиска поддршка, во рок од седум дена од датумот на објавувањето на списоците на корисници на финансиската поддршка од член 5 ставовите 6 и 7 од овој закон.
(3) Приговорот од став 2 на овој член може да се поднесе електронски на адреса која за ова цел ќе ја креира и објави на својата веб страна Министерството за социјална политика, демографија и млади, во архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади или преку архивите на Центрите за социјална работа. (3) Комисијата од став (1) на овој член, по поднесените приговори одлучува во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на приговорот.
(4) Комисијата за одобрените приговори доставува известување до подносителот и до институциите од член 5 став (1) од овој закон, а за одбиените до подносителот.
(5) Поднесениот приговор не го одлага извршувањето на веќе започнатите исплати кон други корисници.

Член 7

Финансиската поддршка, согласно со одредбите од овој закон, не се оданочува со данок на личен доход согласно со Законот за данокот на личен доход.

Член 8

(1) Финансиската поддршка ќе се исплаќа на корисници на правата од член 2 од овој закон, започнувајќи од наредниот месец од денот на влегувањето во сила на овој закон, во траење од три последователни месеци.
(2) Финансиската поддршка ќе се исплаќа и на корисниците кои ќе се стекнат со правото од член 2 од овој закон во текот на траењето на периодот на финансиската поддршка, а исплатата ќе се врши за преостанатиот период на финансиската поддршка од денот на стекнувањето на правото.

(3) Доколку исплатата на финансиската поддршка не се изврши во роковите утврдени со овој закон, корисниците имаат право на исплата на средствата ретроактивно, од месецот за кој правото е стекнато, без намалување на износот.

Член 9

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Член 10

Подзаконскиот акт од член 5 став 5 од овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на законот за пензиското и инвалидското осигурување содржи 11 члена.

Со членот 1 се уредува предметот на уредување на овој закон.

Со членовите 2 и 3 се уредуваат ранливите категории на граѓани опфатени со финансиската поддршка и се врши нивно поблиско дефинирање во смисла на овој закон .

Со членот 4 се утврдува висината на финансиската поддршка за поединечните категории на ранливи граѓани, како и периодот на исплаќање на финансиската поддршка.

Со членот 5 се утврдува начинот на исплаќање на финансиската поддршка, изворот на податоците за утврдување на корисниците. Дополнително, се уредува и местото и времето на објавување на списоците, како и нивната содржина

Со членот 6 се пропишува начинот и постапката за одлучување по правото на приговор, за корисници кои сметаат дека ги исполнуваат условите, а не добиле финансиска поддршка и составот на Комисијата која одлучува по приговорите.

Со членот 7 се утврдува дека финансиската поддршка, не се оданочува со данок на личен доход согласно со Законот за данокот на личен доход. Со членот 8 се уредува периодот на исплаќање на финансиската поддршка.

Со членот 9 се уредува надзорот над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Со членот 10 се уредува рокот за носењето на подзаконскиот акт.

Со членот 11 се уредува влегувањето во сила на овој закон

### II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани, како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на овој закон и со исплаќањето на финансиската поддршка за најранливите категории на граѓани, на истите ќе им се овозможи полесно справување со ценовна криза